

Ѓорѓи Јакимов Киселинов (3/16. V 1888 – Скопје, 29. IX 1961) е македонски филолог, фолклорист, граматичар, лексикограф, дијалектолог, етнограф, преведувач и публицист. Непосредно по Ослободувањето подготвува за печат “Кратка македонска граматика“ (25. X 1944) и учествува на Првата конференција за македонската азбука и македонскиот литературен јазик (27. XI – 4. XII 1944).

Ѓорѓи Јакимов Киселинов е роден на 3 (16) мај 1888 година во Охрид. Основно образование завршил во родниот град, а од 1903 година учи во Битолската машка класична гимназија. По завршувањето на гимназијата во 1907 година и курсот по грчки јазик, Киселинов две години учителствувал во Хрупишта и во Костур. Од овој период е и неговата прва публикација „Географски опис на град Хрупишта“ објавена во егзархискиот весник „Вести“ во Цариград.

Од 1909 до 1915 година, Ѓорѓи Киселинов студирал и го завршил Историскофилолошкиот факултет (Словенски отсек) во Одеса. Како студент тој бил во блиски односи со Крсте Петков Мисирков и го издавал списанието “Театръ и Танцы“ (1911), а потоа станал коиздавач на “Къ Св ту“ и на списанието “Слав**я**нскиј Ю гъ “ (1912).

Ѓорѓи Киселинов учествувал во Балканските војни и во Првата светска војна. По веста за почетокот на Првата балканска војна во 1912 година, тој ги прекинал студиите и се приклучил како доброволец во Македонско-одринското ополчение, во Штабот на Четвртата битолска дружина. Во 1913 година, бил награден со орден за храброст IV степен. Подоцна тој ќе издаде спомени за учеството во Македонското ополчение, како и редица други публикации.

По завршувањето на Првата светска војна во 1918 година, Ѓорѓи Киселинов се вратил во

Македонија и работел како гимназиски професор. Од 1920 до 1941 година, српските власти постојано го преместувале и тој како гимназиски професор работел во Охрид, Подгорица, Ресен, Сента, Алексинац, Биело Поље, Плевле, Ќуприја, Скопје, Сомбор, Велика Кикинда, пак во Биело Поље и Подгорица.

Во периодот меѓу двете светски војни, Киселинов објавува бројни публикации од областа на фолклорот, лингвистиката и етнографијата. Соработувал со многу списанија, зборници и весници, а особено значење има неговата книжевна дејност во 1937 и 1938 година, кога го уредува и Скопското списание “Луч“. Во него се објавуваат редица материјали на мајчиниот македонски јазик. По забраната за списанието, Киселинов се преселил од Скопје во Подгорица.

За време на Втората светска војна (1941 - 1944), Киселинов работел во гимназиите во Скопје. Од 1941 до 1943 година бил директор на женската гимназија, а во учебната 1943/ 1944 година и учител во машката гимназија во Скопје. Во 1942 година станал член на Македонскиот научен институт од 1942 година.

Непосредно по ослободувањето Ѓорѓи Киселинов ја подготвил за печат “Кратка македонска граматика“ (25 октомври 1944), а од 27 ноември до 4 декември 1944 година учествувал на Првата конференција за македонската азбука и македонскиот литературен јазик. Заради различните погледи, тогашните власти го остраниле од научната работа и тој работи како хонорарен преведувач во книгоиздателствата “Култура“ и “Просветно дело“ (1945–1947), а потоа бил професор во Економското (1947–1948) и во Средномедицинското училиште (1948–1950). До пензионирањето службувал како библиотекар во Ректоратот и потоа во Народната и универзитетска библиотека (1950–1961).

Ѓорѓи Киселинов е автор на средношколски граматики и преведувач на повеќе публикации. Неговата учебна македонска граматика била публикувана во 1956 година, а во 1962 година, посмртно била објавена и една негова кратка руска граматика.

Ѓорѓи Јакимов Киселинов починал на 29 септември 1961 година во Скопје.